РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 бр.08-108
30.07.2020 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), точка 12 од Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, УП1 бр.08-576 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/20) и точка 9 од Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа, за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година, а во врска со член 72 и член 73 од истиот Закон, член 93 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот во Тетово, бр.03-1001/1 од 24.03.2020 година (наш Уп1 бр.08-108 од 26.03.2020 година), а согласно Записникот од јавното отворање на пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово Уп1 бр.08-576 од 21.07.2020 година и Заклучокот арх.бр.02-3059/5 од 30.07.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 30-та седница одржана на 30.07.2020 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за отфрлање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот во Тетово, бр.03-1001/1 од 24.03.2020 година (наш Уп1 бр.08-108 од 26.03.2020 година)

1. СЕ ОТФРЛА Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот во Тетово, бр.03-1001/1 од 24.03.2020 година (наш Уп1 бр.08-108 од 26.03.2020 година), поради тоа што истата е некомплетна и неуредно пополнета, односно не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 73 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), при што истата Пријава нема да се разгледува.

2. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова Решение е конечно.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница, одржана на 03.01.2020 година, во врска со Писменото барање од заинтересирана страна, Универзитетот во Тетово бр.03-1774/1 од 04.12.2019 година (наш Уп1.бр.08-536 од 04.12.2019 година), а согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции и изработената Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, наш арх.бр.08-5507/1 од 23.12.2019 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 107.2 MHz. Оваа Одлука на 08.01.2020 година беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20 и во два дневни весника и тоа: „Нова Македонија“ и „Коха“.

Согласно член 72 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата е должна во конкурсната документација детално да ги образложи и допрецизира сите одредби од одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување.

Во член 73 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е наведено дека кандидатите на конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец чија форма и содржина ги пропишува Агенцијата и истиот треба особено да содржи: име и презиме, адреса, факс, е-маил и акт за државјанство на кандидатот или фирма и седиште на правното лице, доколку кандидатот е правно лице, природата и обемот на учество кој ќе го има кандидатот во сопственичката структура на радиодифузерот и негово учество во сопственичката структура во други радиодифузери, доколку ги има, име или назив, матичен или даночен број на други физички или правни лица, кои ќе учествуваат во сопственичката структурана радиодифузерот и нивно учество во други радиодифузери доколку ги има, податоци за други правни или физички лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот од аспект на поврзани лица во смисла на овој закон, седиштето каде што ќе биде радиодифузерот, како и седиштето каде што ќе се носат уредничките одлуки и рок на започнување со вршење на дејноста. Образецот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Агенцијата. Кон пријавата се доставува и следнава документација: понуден програмски концепт, доказ за регистрација на правното лице, доказ за сопственичка структура на правното лице, понудени технички, просторни, финансиски и кадровски услови, согласно со актот од членот 62 став (6) од овој закон, и деловен план (технички проект со опис на постојната и планираната студиска опрема, особено во сегментот на продукцијата и податоци за постојната и планираната кадровска структура), доказ дека кандидатот не е во стечај и/или во процес на ликвидација издаден од надлежен орган на домицилната држава, или изјава од кандидатот дека не е во стечај и/или во процес на ликвидација заверена на нотар, соодветна исправа како доказ дека на кандидатот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција, или изјава од кандидатот дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност заверена на нотар, извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех потврдени од Централен регистар за последните две години, односно за странско правно лице, ревизорски извештај издаден од странска реномирана институција регистрирана за вршење на ревизија и кој треба да содржи податоци за вкупното економско работење на странскиот обезбедувач во последните две години, документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно на дејноста, изјава заверена на нотар дека ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри утврдени во одлуката за објавување на јавен конкурс, а определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации согласно со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него, изјава заверена на нотар дека ќе ги почитува понудените технички, просторни, финансиски и кадровски услови, како и обврските во понудениот деловен план, изјава заверена на нотар дека не ги прекршува одредбите од Глава IV на овој закон, изјава заверена на нотар дека ги прифаќа условите наведени во конкурсната документација, изјава заверена на нотар дека не постои судир на интереси согласно Законот за спречување на судир на интереси и други податоци и документи што подносителот ги смета за корисни при одлучувањето за доделување дозвола (член 73 став 3 од истиот Закон).

Во точка 12 од Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година и точка 9 од Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа, за радио

емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година, утврдено е дека: пријавата за учество на Конкурсот се поднесува во рок од 90 (деведесет) дена, кој рокот започна да тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и тоа дека „Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со Одлуката за објавување на јавен конкурс, како и некомплетните, неуредно пополнетите пријави и пријавите кои нема да бидат поднесени во 2 (два) примерока (оригинал и копија), нема да се разгледуваат.“ Крајниот рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 07.04.2020 година.

Во меѓувреме, на 18.03.2020 година, Претседателот на РСМ донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-526/2 од 18.03.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.68 од 18.03.2020 година), на територијата на Република Северна Македонија за период од 30 дена заради заштита и справување со последиците од ширењето на Коронавирусот COVID-19 која влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно на 18.03.2020 година. Владата на РСМ на 23.03.2020 година донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за општата управна постапка за време на вонредна состојба бр.44-2444/1 од 23.03.2020 година („Службен весник на РСМ“ бр.76 од 24.03.2020 година), согласно која: „Роковите кои согласно Законот за општата управна постапка, освен во постапките за јавни набавки, се определени за преземање на одделни дејствија во постапката, односно роковите кои ги определува овластеното службено лице, кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба“. Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата на 16-та седница одржана на 02.04.2020 година, по Предлог Уп1 бр.08-144 од 01.04.2020 година на Директорот на Агенцијата, донесе Заклучок арх.бр.02-1605/4 од 02.04.2020 година, дека рокот за поднесување пријави по објавениот Јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на подрачјето на општина Тетово, кој истекува за време на траење на вонредната состојба, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа 21 ден од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. За погоренаведеното, Агенцијата го извести подносителот на писменото барање Универзитетот во Тетово со Допис - Известување наш Уп1 бр.08-144 од 03.04.2020 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Известувањето било уредно примено на 06.04.2020 година.

По истекот на траењето на вонредната состојба на територија на Република Северна Македонија, согласно Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба донесена од страна на Претседателот на РСМ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/20, 127/20, 142/20 и 159/20) на 14.06.2020 година и почнувајќи од 23.06.2020 година, течеа преостанатите 21 ден од рокот за поднесување на Пријави по објавениот јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово. Во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 13.07.2020 година до Агенцијата беше доставена една Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, наш Уп1 бр.08-108 од 26.03.2020 година и тоа од Универзитетот во Тетово. Пријавата е доставена во плико без назнака: „Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово“. Од страна на вработено лице во архивата на Агенцијата, на 26.03.2020 година, пликот со пријавата е отворен и заверен како обична пошта, поради тоа што бил без видливи показатели дека е наменето за јавен конкурс, за што составена е Службена белешка наш Уп1 бр.08-108 од 06.07.2020 година од страна на вработено лице во архивата на Агенцијата.

На 14.07.2020 година, Агенцијата до подносителот на пријавата - Универзитетот во Тетово, достави Известување наш Уп1 бр.08-576 од 14.07.2020 година дека јавното отворање на доставената пријава за учество на јавниот конкурс ќе се одржи на 21.07.2020 година во 12.00 часот. На закажаното јавно отворање, присуствуваа лица вработени во Стручната служба на Агенцијата. На јавното отварање не присуствуваше претставник од подносителот на пријавата – правното лице Универзитетот во Тетово. За наведеното, а во однос на констатираната состојба, од аспект на тоа дали кон Пријавата се доставени сите потребни обрасци и прилози составен е Записник од јавното отворање на пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово Уп1 бр.08-576 од 21.07.2020 година.

Во Записникот од јавното отворање на пријавата, во делот: „Табела со податоци за комплетност на пријавата“, констатирано и нотирано е дека: на доставениот плик не е содржана назнака „Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово“, поради што пликот бил отворен и заверен како обична пошта за што од страна на работникот – Помлад соработник за општи работи е составена Службена белешка наш Уп1 бр.08-108 од 06.07.2020 година, дека обрасците и прилозите кон пријавата за учество на јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, не се систематизирани по редослед и реден број на образец, односно Прилог кон Пријавата, при што кај секој прилог кон пријавата, на првата страна во десниот горен агол од листот, не е наведен соодветниот реден број, како и тоа дека само Пријавата, обрасците и изјавите (од реден бр.7 до реден бр.10) се доставени во 2 (два) примерока (оригинал). Во Записникот од јавното отворање на пријавата, во табеларниот преглед, во дел: „ОБРАСЦИ ВО ПРИЈАВАТА“ констатирано и нотирано е дека е доставен Образецот бр.1 – Програмски концепт за програмски сервис за непрофитна радиодифузна установа, со документи во прилог: Детална неделна програмска шема, прикажана ден по ден и Опис на сите планирани програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема; доставен е Образецот бр.2 - Технички услови за производство на програмите и просторните услови за вршење на дејноста, како и дека доставен е, но не е пополнет односно не е означена гаранција за финансиската способност за остварување на дејноста во Образецот бр.3 - Понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста, доставен е Образецот бр.4 - Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста.

Во Записникот од јавното отворање на пријавата, во табеларниот преглед, во делот: „ПРИЛОЗИ КОН ПРИЈАВАТА“ констатирано и нотирано е дека: доставен е но, не во оригинал, ниту заверен на нотар и истиот е постар од 15 дена од денот на доставувањето (односно од 28.06.2019 година) - Прилогот бр.1 Доказ за регистрација на правното лице - Тековна состојба издадена од Централниот регистар на РСМ (во оригинал или копија заверена на нотар и не постара од 15 дена од денот на доставувањето) или ако кандидатот е странско правно лице – доказ за регистрација во соодветниот регистар во земјата каде правното лице е основано од кој може да се види кои се основачите на тоа правно лице (во оригинал, не постара од 15 дена од денот на доставувањето и преведена од овластен судски преведувач); во однос на Прилогот бр.2, констатирано и нотирано е дека не е доставен деловен план (технички проект со опис на постојната и планираната студиска опрема, особено во сегментот на продукцијата и податоци за постојната и планираната кадровска структура и технички проект за линковниот дел кој се доставува до АЕК доколку се користи фреквенција од фиксна служба); не е доставен Прилогот бр.3 - Доказ дека кандидатот/правното лице не е во стечај и/или во процес на ликвидација издаден од надлежен орган на домицилната држава (во оригинал или копија заверена на нотар и не постара од 15 дена од денот на доставувањето), или изјава од кандидатот/правното лице дека не е во стечај и/или во процес на ликвидација заверена на нотар (и не постара од 15 дена од денот на доставувањето); не е доставен Прилогот бр.4 - Соодветна исправа како доказ дека на кандидатот/правното лице не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција (во оригинал или копија заверена на нотар и не постара од 15 дена од денот на доставувањето), или изјава од кандидатот/правното лице дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, заверена на нотар (и не постара од 15 дена од денот на доставувањето); не е доставен Прилогот бр.5 - Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех потврдени од Централниот регистар на РСМ за последните две години, односно за странско правно лице, ревизорски извештај издаден од странска реномирана институција регистрирана за вршење на ревизија, кој треба да содржи податоци за вкупното економско работење на странскиот обезбедувач во последните две години како и дека не е доставен ниту еден документ од Прилогот бр.6 - Документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план односно на дејноста (банкарска гаранција; депозит во банка; хартии од вредност и др.). Во Записникот од јавното отворање на пријавата, констатирано и нотирано е дека без нотарска заверка доставени се: Изјавата бр.7 (за овластеното лице на кандидатот/правно лице), Изјавата бр.8 (од основачот/ите на кандидатот/правното лице), Изјавата бр.9 (од овластеното лице на кандидатот/правно лице) и Изјавата бр.10 (од основачот/ите на кандидатот/правно лице). Во Записникот од јавното отворање на пријавата во однос на Прилогот бр.11 - Други податоци и документи што кандидатот ги смета за корисни за доделување на дозвола, констатирано и нотирано е дека подносителот на Пријавата, доставил: План за евакуација, Потврда за регистрирана дејност, 3 (три) потврди за вработени во редовен работен однос на неопределено време и Статут на Универзитетот во Тетово. Во Записникот од јавното отворање на пријавата, во делот: „ПРИЛОЗИ КОН ПРИЈАВАТА“, не е доставен Прилогот бр.12 – Доказ – уплатница за платени трошоци за подготвувањето и поднесувањето на пријавата

и придружната документација во износ од 60.000,00 денари. Констатирано е дека Универзитетот од Тетово на 25.03.2020 година на сметка на Агенцијата извршил уплата во износ од 60.000,00 денари.

Следствено на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 30.07.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3059/5 од 30.07.2020 година донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием. Решението е конечно и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Примерок од Решението да се достави до:**
- подносителот на пријавата - Универзитетот во Тетово;
- Овластеното лице на Универзитетот во Тетово;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).